До

д-р Дијана Петровска,

преку Наставно-научниот совет на

Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово

UT - Fakulteti Filologjik - Republika e Maqedonisë së Veriut
УТ- Филолошки факултет - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 10 - 66/1
14. 02 20 22 viti/год.
Tetovë - Тетово

Предмет: **Одговор** на **Приговорот** поднесен од кандидатката д-р Дијана Петровска, во врска со **Рецензентскиот извештај** за избор/реизбор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа Лексикологија (64019 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), објавен во **Билтенот на Универзитетот во Тетово, бр. 201**, на 2.2.2022 година.

Во врска со **Приговорот** на **Извештајот** на **Рецензентската комисија,** Комисијата во состав од: проф. д-р Димитар Пандев – претседател, проф. д-р Мајлинда Нухиу – член, проф. д-р Соња Новотни – член, а по разгледувањето на поднесениот Приговор, го дава следниот

## ОДГОВОР

Рецензентската комисија во состав од проф. д-р Димитар Пандев – претседател, проф. д-р Мајлинда Нухиу – член, проф. д-р Соња Новотни – член, почитувајќи ги законските одредби од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот во Тетово, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово го избра кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ.

1. Рецензентската комисија сите објавени трудови, учества на Научни собири, одржани часови и консултации и другите активности на кандидатите ги вреднуваше објективно, професионално и еднакво за двајцата кандидати според целокупната

доставена документација (што се гледа во Образците за бодирање). Работата на Комисијата е во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, според Законот за високо образование, односно сите наставно-образовни, научноистражувачки, стручно-апликативни, како и остварувања во дејноста од поширок интерес на остварување од последниот избор до денес за кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ, и сите остварувања во целокупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и дејноста од поширок интерес на остварувања (во целиот работен век) за кандидатката д-р Дијана Петровска.

2. Рецензентската комисија во Извештајот ги наведува сите податоци за кандидатите кои истите ги имаат јасно наведено во своите биографии. По однос на потесната област на кандидатите ќе наведеме дека целата докторска дисертација на доц. д-р Михајло Марковиќ под наслов *Преемственост на лексиката меѓу Слепченскиот патерик и Огледало од Кирил Пејчиновиќ и Различна поучителна наставленија од Јоаким Крчовски*, јасно говори дека е од областа на лексикологијата.

3. Рецензентската комисија е едногласно избрана од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово со Одлуката за формирање на Рецензентска комисија со бр. 18-1406/1, донесена на 30.12.2021 година. Сите барани документи на Конкурсот коишто се од важност за изборот ги имаше кај себе и ги разгледуваше Рецензентската комисија, којашто исто така на увид ја имаше и Одлуката за поништување на Одлука за избор на наставник за наставните предмети од областа на 1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик (64010, 64019, 64027 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) на Филолошкиот факултет со бр.18-1254/1 од 15.11.2021 година, донесена врз основа на Решението на Државниот просветен инспекторат со бр. 09-1084 од 12.10.2021 година.

Рецензентската комисија искажувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово за укажаната чест, во целост го одбива Приговорот како НЕОСНОВАН.

**ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ**

Според горенаведеното, Рецензентската комисија смета дека Приговорот поднесен од д-р Дијана Петровска на ден 7.2.2022 година е **НЕОСНОВАН**.

Комисијата во состав од: проф. д-р Димитар Пандев – претседател, проф. д-р Мајлинда Нухиу – член, проф. д-р Соња Новотни – член, по внимателното разгледување на поднесениот Приговор, има особена чест уште еднаш да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово, доц. д-р Михајло Марковиќ да биде избран во звањето **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** на полето на македонскиот јазик во наставно-научната област Лексикологија (64019 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **проф. д-р Димитар Пандев** (претседател) – редовен професор на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје

2. **проф. д-р Мајлинда Нухиу** (член) – редовен професор на Универзитет во Тетово, Филолошки факултет - Тетово

3. **проф. д-р Соња Новотни** (член) – редовен професор на Универзитет во Тетово, Филолошки факултет - Тетово

Тетово, 11.2.2022